РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 3747/6
03 -12- 2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP



Врз основа на член 22 став 7 а во врска со член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по пријава од познат подносител, на 42 та седница одржана на ден 27.11.2020 година, ДКСК донесе

## ОДЛУКА

**Согласно член 76 став 6 од** Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси **се констатира состојба на судир на интереси кај лицето -------** – член на ------------, затоа што спротивно на член 22 став 1 од Законот за енергетика поседува ----------- во -------------.

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, а во врска оваа Одлука се доставува до именуваниот за известување и се бара од истиот во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката да го отстрани судирот на интереси, во согласност со член 22 став 2 од Законот за енергетика.

## Образложение

Предметот со број 09-3747/1 од 31.10.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител против ------------, член на -------------------.

Во пријавата е наведено дека службеното лице ------------- е именувано за член на ----------- со Одлука за именување на претседател и членови на ------------ со бр. 08-3994/1 од 26.06.2018 година, донесена од Собранието на РСМ и објавена во Службен весник на РМ бр. 118/18 од 27.07.2018 година. Во анкетниот лист на истото лице, кој е објавен на веб страната на ДКСК, пријавителот утврдил дека истиот поседува имот во вид на акции во трговски друштва, стекнат со договор за купопродажба од 2007 година. Дел од овој имот се -------------, кои службеното лице --------- ги поседува, а ги стекнал врз основа на трговски пренос на истите во негова сопственост.

За потврдување на наводите од пријавата, ДКСК се обрати до Централниот депозитар за хартии од вредност со Барање бр. 09-3747/2 од 06.11.2020 година за достава на податоци за хартии од вредност и настанатиот трговски промет со истите за лицето ------------. Со дописот доставен од Централниот депозитар за хартии од вредност бр. 09-3747/3 од 11.11.2020 година се потврди дека наведеното лице поседува -------------.

За член или претседател на ----------- може да биде именуван државјанин на Република Македонија кој ги исполнува условите предвидени во член 17 став 3 од Законот за енергетика, во кои како услов не е наведено кандидатите да не поседуваат хартии од вредност во носители или баратели на лиценца за вршење на енергетска дејност, врз кои врши надзор ----------------.

Од друга страна во член 22 став 1 и 2 од Законот за енергетика е предвидено следното:

*„(1)Претседател, член или вработен во стручната служба на Регулаторната комисија за енергетика, како и нивен брачен другар или лице во сродство во права линија до прв степен, не може да биде носител или барател на лиценца за вршење на енергетска дејност, акционер, содружник или член во органите на управување и надзор на лица кои се носители или баратели на лиценца за вршење на енергетска дејност.*

*(2)Лицата од ставот (1) на овој член, во случаи спротивни на ставот (1) на овој член, се должни да ги прекинат своите интереси со носителите или барателите на лиценца за вршење на енергетска дејност, преку продажба на акциите и уделите, односно преку повлекување од функциите и вршењето на дејностите од ставот (1) на овој член.“*

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на 42 та седница заклучи дека во конкретниот случај **се потврдуваат наводите од пријавата според кои лицето ------------** бил именуван за член на -------------- согласно член 17 став 3 и член 18 од Законот за енергетика, но истиот кога стапил на функција не постапил согласно член 22 став 2 од истиот закон, односно **се потврдува состојба на судир на интереси**.

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси оваа Одлука се доставува до службеното лице ------------, член на ---------- со која му се укажува на неопходноста да го отстрани судирот на интереси, во согласност со член 22 став 2 од Законот за енергетика и за истото да ја извести ДКСК со приложување на доказ за постапувањето.

**Правна поука**: Против оваа одлука може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
Софка Пејовска Дојчиновска

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З. – советник
Одобрил: Н.Б. – член на ДКСК